

# Блиску до сонцето и љубовта......

*Насловна страна:*
*- Охридска Мадона, 1999 варијанта, масло на платно, 100x80 cm*
*- Ohrid Madonna, 1999 (variant), oil on canvas, 100x80 cm*

*Издавач:*
Дом на култура „Браќа Миладиновци" - Струга;
*За Издавачот:*
Крсте Чачански;
*Слајдови:*
Мирослав Кузман;
*Дизајн:*
Мирослав Кузман,
Драган Спасески - Охридски,
Владимир Илиоски;
*Преведувач:*
Христина Патчева;
*Компјутерска обработка:*
Владимир Илиоски;
*Печати:*
„Скен-поинт" - Скопје

CIP - Каталогизација во публикација, Народна матична библиотека „Димитрија и Константин Миладиновци" - Струга

75.036(497.17)(060.64) Спасески, Д.

СПАСЕСКИ, Драган

Блиску до сонцето и љубовта мракот помалку боли / Драган Спасески ; [слајдови и дизајн Мирослав Кузман ; дизајн Драган Спасески и Владимир Илиоски ; преведувач Христина Патчева]. - Струга : Дом на култура „Браќа Миладиновци", 1999. - 12 стр. ; илуст. ; 20x21 см

Податок за авторот преземен од корицата. - Текст напоредно и на англ. јазик. - Драган Спасески - Охридски: сликар на носталгијата / Борис Петковски=Dragan Spaseski - Ohridski: The painter of nostalgia / Boris Petkovski: стр. 4-10



*Иако од шеќер, твојот дар нож е, 1996, акрил на платно, 106x75 cm*
*Although of suger, your gift is a knife, 1996, acryl on canvas, 106x75 cm*



*Ах, што време потрошив на твоето тело, 1996, акрил на платно, 106x75 cm*
*Ah, so much time have I wasted on your body, 1996, acryl on canvas, 106x75 cm*

# ДРАГАН СПАСЕСКИ - ОХРИДСКИ: СЛИКАР НА НОСТАЛГИЈАТА

Чинам дека во денешната македонска уметност се искажува и една специфична појава, носталгија за одминати времиња, за некогашни, дамнешни, стилски епохи. Некои автори тоа мечтаење за минатото ликовно го обликуваат како сложен авторски проект.

Таков е тој на Драган Спасески-Охридски. Овој хирург-специјалист во ортопедијата, грaѓата на човечкото тело до минуциозност ја освои и со брилјантен цртеж, а спиритуалните предели на човечката личност ги откриваше како страсно ангажиран интелектуалец. Тоа што таму го „наоѓа" го преточува и во малечки поетско-прозни состави, исткаени од луцидни, а често отровно цинични и скептични-филозофски, етички, социолошки и политички опсервации. Спасески-Охридски е од оние македонски сликари што на темелите на сопствената богата култура и професионално знаење, а без надворешен налог, како лична определба и често, наспроти тековната ликовна коњуктура, во наше време, сообразени со неговите епохални одлики, вршат своевидна лична „обнова", „претолкување" на изминатите стилови. Тие што кај нас (од историски причини) не се „случиле" кога и во други делови на Европа. Спасески-Охридски е лично пленет од тие модели на „туѓо" минато, но воедно, со ликовното ниво на сопствените творби, ја „дополнува" и „дообликува" духовната историја и „созреењето" на македонската култура. Со низа белези на својата поетика, творбите на Спасески-Охридски (одделно најновите) можат да се споредуваат со тие на современите италијански анахронисти, хиперманиристи и нови манирристи. Како и за нив и за Спасески-Охридски уметноста е „старинско" чинење спротивставено на капиталистичкото производство, „убаво работење" на минатото што атакува на сегашноста. Но тој не обработува многу од мотивите драги на неговите италијански колеги. Спасески-Охридски не го следи нивниот тип на визуелна персифлажа и иронија. Тој всушност непосредно се однесува кон италијанското ликовно минато, обземен со уметноста на високата ренесанса и маниризмот. Тие кореспондираат со духовното битие на Спасески-Охридски. Прелеста на сликарската изведба на таа епоха, беше израз на стремежот да се сојузи земното и небесното, профаното и сублимното, преку совршенството со кое ги обработуваше сложените спиритуални пораки на своите ликовни состави тогашниот уметник се стремеше да се изедначи со замислениот метафизички демијург на сета вселена. Такви амбициозни аспирации наметнаа магистрална преобразба на ликовната стратегија. Впечатливи, неочекувани ефекти во компонирањето, осветлувањето и колоритот, се сојузија со нови, разновидни преобразби или дисторзии на фигурите, на „смртниците" и на „светите" ликови.

Многу од тоа Спасески-Охридски авторски го усвоил, затоа е можно да се споредуваат неговите творби на материјалот



*Благовештение, 1999, масло на платно, 220x200 cm*
*Annunciation, 1996, oil on canvas, 220x200 cm*

(виден од уметникот на лице место) под чиј поттик се создадени. Со завидно техичко мајсторство што Спасески-Охридски го освоил тој може да општи со своите идоли, но ја поседува и нивната страотна творечна скрупулозност која и нему не му допушта каков и да е недоизработен и згорничен ефект. Таа кохерентност на ликовната постапка особено ги краси најновите дела на Спасески-Охридски. Во нив минуциозно, до висок степен на перфекција се цртани деловите на неговите мотиви; грижливо меко се нијансирани боите кои (усогласени со колористичкиот регистар на маниризмот) нежно се претопуваат една во друга, а со неконвенционалните, измечтаени, надреални композиции, овој автор сака да ја доистакне семантичката суштина на своите слики. Зашто иако надворешниот изглед на сликите на Спасески-Охридски, поткрепени понекогаш и со нивните наслови, визуелно заличуваат на иконографска конфигурација на стари религиозни дела, тие всушност искажуваат една модерна мисла за светот.

Неколку негови слики: ***„Иако од шеќер твојот дар нож е“*** (1996), ***„Ах, што време потрошив на твоето тело“*** (1996), ***„После гревот“*** (1997, дополнета со златна фолија), ***„Распетие на љубовта“*** (1998) и ***„Охридска Мадона“*** (1999), со деликатна но сугестивна провокација, го откриваат авторовото доживување на еротскиот копнеж. Во нив поривот кон сензуалната плотска љубов е вовлечен во промискуитет со инсинуации на свети факти: златен ореол околу главата на жената со разголен грб (***„После гревот“***), распетието во ***„Распетието на љубовта“***. А сите женски ликови (најчесто поттикнати од тој на авторовата жена) во која и да е слика, Спасески-Охридски ги предава асоцијациите на умилните мадонски ликови на минатото. Така е и во полуразголената биста на ***„Охридска Мадона“*** (варијанта од 1999). Машките ликови, млади и стари, се видени во подредена, зависна положба (некогаш и не им се гледа ликот). Нивниот физички изглед: со меланхолични, носталгични лица, со опуштени, смекчени стави, заличува на тој на некои верски модели. А во двете слики со религиозни наслови, Спасески-Охридски го премоделирал светиот „настан“. Па наместо на „блудниот син“, го прикажал ***„Враќањето на блудниот татко“*** (1997), предаден од грб, тој пресвиткан коленичи пред „мајката“ и „детето“ во нејзините раце. Во ***„Благовештение“*** (1999) повисоко поставената, старински облечена млада жена со разголена десна нога, со умилно движење се обраќа кон младичот со наметка. А тој како да искажува вџашеност од она што го дознава. Фигурите, окружени долу со тенок обрач-ореол, се сместени во неодреден „небесен“ простор.

Оваа благородна опсесија на Спасески-Охридски, да ги обедини мислата и чувството, спиритуалното и естетското, е конечно само негов авторски начин да се пресоздаваат големите уметнички поттици и од неговиот роднокрајски (Охридски) амбиент.

Проф. д-р Борис Петковски



*Враќањето на блудниот татко, 1997, масло на платно, 106x75 cm*
*The returning of the prodigal father, 1997, oil on canvas, 106x75 cm*

## DRAGAN SPASESKI – OHRIDSKI: THE PAINTER OF NOSTALGIA

I belive that in contemporary Macedonian art, one specific sight is expressed: the nostalgia for past times, for some former, ancient, stylish eras. Some painters shape this fancy for the past in a complex work of art.

Such is the project of Dragan Spaseski – Ohridski. This surgeon, a specialist in orthopedics, captures the material of the human body very precisely and with brilliant drawing; while he discovers the spiritualing of the human personality as a passionately devoted intellectual: what he finds there he renders in small prosaic – poetic compositions, woven of lucid – but very often with poisonly, cynical and skeptical – philosophical, ethical, sociological and political observations. Spaseski – Ohridski is one of those Macedonian painters who, on the foundations of his abundant native culture and professional knowledge, and with no outside persuasion, as a personal determination and often against the current artistic tide, in accordance with its epochal characteristics, makes some kind of personal revival and reintepretets the past styles. Becouse of historical reasons, this past styles never happened in this spot at the same time that they did in Europe. Spaseski – Ohridski is personally touched by those models of the foreign past; but at the same time, with the artistic level of his own creations, he supplements and gives final shape to the spiritual history and the ripening of Macedonian culture. By series of signs in their poesy, the works of Spaseski – Ohridski (especially the newest ones) can be compared to those of contemporary Italian anachronists, hypermannerists and new mannerists. Just as it is for them, so it is for Spaseski – Ohridski: art is an "old-faschioned" craft as opposed to the capitalist's manufacturing; a beautiful working of the past that attacks the present. But he doesn't exploit many of those motifs that were the favorties of to his Italian colleagues. Spaseski – Ohridski doesn't follow their type of visual mockery and irony; possessed by the art of the late renaissance and mannerism he has a direct attitude toward the Italians. They correspond to the spiritual being of Spaseski – Ohridski: the beauty of the painting of that epoch was an expression of the strife to unite the earthly and the heavenly; the profane and the sublime; with the perfection with which the artrist of that time shaped the complex spiritual messages of his pictorial compositions he strove to become one with the imaginary methaphysical demiurge of the whole universe. Such ambitious apsirations caused a major metamorphosis of the painting strategy. Imposing, unexpected effects in the composition, lighting and use of colours joined the new various changes and distorsions of figures: of mortals and saints.



*После гревот, 1997, масло на платно, 106x75 cm*
*After the sin, 1997, oil on canvas, 106x75 cm*

Many of this Spaseski – Ohridski has taken as an artist: that is why it is possible to compares his works with the material (seen by the artist *in situ*) which gave the impetus. With considerable technical workschip that Spaseski – Ohridski has mastered, he can communicate with his idols: but he also possesses their fiery creative scrupulosity, which even to himself alone, doesn't allow any unfininished or superficial effect. This coherence of artistic technique is very much present in the use of soft shades (in accordance with the color register of mannerism) with gently melt into one another; with his unconventional, fancied and surreal compositions, this artist wants to emphasize the semantic essence of his paintings. Even if the exterior appearance of the paintings of Spaseski – Ohridski (supported sometimes by their titles) reminds us visually of the iconographis configuration of old religious works, they actually express a very modern sense of the world.

Some of his paintings: ***"Although of sugar, your gift is a knife"*** (1996), ***"Ah so much time have I wasted on your body"*** (1996), ***"After the sin"*** (1997, golden foil added), ***"Crucifixtion of love"*** (1998) and ***"Ohrid Madonna"*** (1999), with a delicate but suggestive provokation, discover the author's experience of erotic desire. This impuls toward sensual bodily love is taken into promiscuity by insinuation of holy facts: a golden aureole aroud the head of a woman with a bare back (***"After the sin"***), a crucifixtion in ***"Crucifixtion of love"***. All female characters (usually inspired by the author's wife) in any painting, Spaseski – Ohridski associates with the lovely face of Madonna from the past. Such is the case with the half-naked bust of the ***"Ohrid Madonna"*** (1999 variant). Male characters, young and old, are always in a subordinate, dependent position (sometimes their faces are completely hidden). Their physical appearance: melancholic, nostalgic faces; with relaxed, softened bodies; reminds us of pious models. In the two paintings with religious titles, Spaseski – Ohridski has re-shaped the holy event. Insead of the prodigal son, he paintered ***"The returning of the prodigal father"*** (1997) presented with his back to tre viewer, he kneels, bent before his "wife", with his "child" in her hands. In ***"Annunciation"*** (1999), a young woman in a high pose dressed in some old faschion with her naked leg peering out, addresses with a loving gesture the young man with a cloak. And he seems to be startled by what he hears. The figures in a ring – aureole, are located in an undefined "heavenly" area.

This noble obsession of Spaseski – Ohridski: to unite thought and feeling, the spiritual and the aesthetic, is, finally, only an artistic mode to recreate the great artistic impetuses and his native (Ohrid) ambience.

Prof. d-r Boris Petkovski



*Распетие на љубовта, 1998, масло на платно, 220x200 cm*
*Crucifixion of love, 1998, oil on canvas, 220x200 cm*

Мракот помалку боли

ОХРИДСКИ

